Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 29.11.2021 година, во врска со Предлогот бр.03-4324/1 од 26.11.2021 година за поведување прекршочна постапка против ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор на Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-4278/1 од 24.11.2021 година и утврди прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ, односно поради тоа што на 4 ноември 2021 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот, да се покрене прекршочна постапка, која нема да се реализира поради тоа што во казнените одредби на ЗААВМУ за ова прекршување не е предвидена санкција.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4319/7**

**29.11 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**